РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
Бр. 08-960/7
26. 12. 2022 год
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 36 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02), член 5 став 1 и став 4 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.61/04, 92/07, 102/08, 35/11, 53/11, 84/12, 188/13, 154/15, 192/15 и 23/16 и "Службен весник на РСМ" бр.151/21), а согласно член 12 од Методологијата за процена на пазарната вредност на недвижен имот ("Службен весник на Република Македонија" бр.54/12, 17/13, 21/13 и 142/14), Советот на општина Демир Капија на XVI-та седница одржана на ден 26.12.2022 година, донесе

# О Д Л У К А

## За утврдување на пазарната вредност на градежно земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2023 година

**Член 1**

Пазарната вредност на градежното земјиште во 2023 година се утврдува според просечната цена на извршените купопродажби на градежното земјиште на подрачјето на Општина Демир Капија во 2022 година.

**Член 2**

Подрачјето на Општина Демир Капија е поделено на 5 зони.

**Член 3**

Првата зона го опфаќа градскиот центар од мостот на реката Бошавица по должината на ул.Маршал Тито, лево и десно до крстосницата со ул.Првомајска. Во прва зона влегува и левата страна од ул.Првомајска. Првата зона продолжува од раскрсницата на улиците Првомјаска, Радњанска и крак од ул.Илинденска покрај јазот до насипот на река Бошава.

Во прва зона влегуваат улиците:
-улица 11-ти Октомври, улица Јане Сандански, улица Маршал Тито, улица Илинденска, улица Првомајска-левата страна на улицата, улица 8 ми Март, улица Питу Гули, и улица 29-ти Ноември.

Пазарната вредност на градежното земјиште во првата зона изнесува **615,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 4**

Втората зона ја опфаќа улица Маршал Тито од раскрсницата со ул.Првомајска до клучка Демир Капија и десната страна на ул.Првомајска, улицата Радњанска, улицата Гоце Делчев, десната страна од ул.Илинденска која што почнува од раскрсницата со ул.Првомајска врти десно по ул.Илинденска покрај јазот до насипот на р.Бошава. Улица Борис Кидрич, ул.Наум Наумовски, ул. Орце Николов, ул.Кирил и Методиј, ул.Партизанска, ул.Партизанска 2, ул.Даме Груев, ул.Тиквешка, ул.Димитар Влахов и ул. 4-ти Јули. Во втора зона влегува и индустриската зона Попова Кула.

Пазарната вредност на градежното земјиште во втората зона изнесува **553,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 5**

Третата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:
-Чифлик
-Дошница

-Корешница

Пазарната вредност на градежното земјиште во третата зона изнесува **375,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 6**

Четвртата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарската општина на селото:

-с.Бистренци

Пазарната вредност на градежното земјиште во четвртата зона изнесува **265,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 7**

Петтата зона го опфаќа градежното земјиште во катастарските општини на селата:

-Клисура
-Прждево
-Челевец
-Лака
-Дрен
-Драчевица
-Копришница
-Бесвица
-Барово

Пазарната вредност на градежното земјиште во петтата зона изнесува **154,00** денари за метар квадратен со вклучена целосна инфраструктура.

**Член 8**

Пазарната вредност на градежното земјиште до кое има уредено делумно комунална инфраструктура (довод на електрична енергија, канализациона мрежа, водоводна мрежа, асфалтен пат и пристап со земјен пат) се пресметува согласно табела 1 (во која согласно уреденоста на градежното земјиште со инфраструктура, детално се утврдува цената за метар квадратен градежно земјиште) и истата е составен дел на оваа Одлука.

Пазарната вредност на градежното земјиште до кое нема комунална инфраструктура (довод на електрична енергија, канализациона мрежа, водоводна мрежа, асфалтен пат и пристап со земјен пат) изнесува 80,00 денари за метар квадратен градежно земјиште.

**Член 9**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Капија" а ќе се применува од 01.01.2023 година.

Совет на општина Демир Капија
Претседател
Андон Крстевски